

Со панихида и со положување цвеќе пред гробот на македонскиот револуционер Гоце Делчев, денеска во црквата „Св. Спас“ во Скопје се одбележа 139-годишнината од неговото раѓање. Литургијата ја водеше протоереј Драги Костадиновски од Скопската епархија.

На гробот на Делчев цвеќе положија премиерот Никола Груевски, придружуван од вицепремиерите Васко Наумовски и Абдилаќим Адеми и министерката за внатрешни работи Гордана Јанкулоска, делегации од кабинетите на претседателот на државата и и на Собранието на Република Македонија, делегација на АРМ, како и претставници на повеќе политички партии, општини, институции и здруженија.

Цвеќе положија и градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски, делегација од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, од Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, од МАНУ, Сојузот на борци-Главен одбор, македонските иселеници...

По повод годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, во организација на Меѓународната манифестација „Гоцеви Денови“, настапи хорско-музичкиот ансамбл „Борец“ од Скопје. Ансамблот ќе настапи и пред споменикот на Гоце Делчев на плоштадот „Македонија“. Цвеќе ќе биде положено и пред спомениците на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје, Делчево, Струмица и пред неговата биста во село Подгорци.

Историчарот Михајло Миноски по панихидата изјави дека за современата македонска историја нема поголема личност од Гоце Делчев, водечка фигура на македонската револуционерна организација. - Без Гоце Делчев не ќе го имавме Илинденското востание, а тоа е темелот на македонската државност, рече Миноски.

Тој изрази задоволство од се помасовното присуство на граѓаните и за тоа што покрај делагации од државата, има делегации и поединци и од соседните земји. - Тоа значи дека овој ден прераснува во национален празник, кој ги обединува сите Македонци, во државата и надвор од неа, рече Миноски и додаде дека треба да се цени големината на празникот и тој поинаку да се организира. Односно, како што посочи, да има една државна делегација, со што ќе му се даде многу поголемо значење и без делегации на политички партии.

Гоце Делчев, визионерот кој пред повеќе од еден век го разбра светот како поле за културен натпревар на народите, роден е на денешен ден во 1872 година во Кукуш, во семејството на Султана и Никола. Се школувал во гимназијата во Солун и на Воената академија во Софија. Учителствувал во Штип, а како член на Централниот комитет на ТМОРО работел на создавање мрежа на бази, комитети и комитски чети на Организацијата. Учествувал на Солунскиот конгрес на ВМРО (1896), а до 1901 година бил задграничен претставник на ВМРО во Софија. Делчев е убиен од турска војска, на 4 мај 1903 година во селото Баница.